UDC: 392.28:398(=18)(049.3)

*Original scientific paper*

# ВАМПИРИТЕ ВО АЛБАНСКИОТ ФОЛКЛОР

# THE VAMPIRES IN THE ALBANIAN FOLKLORE

**Aleksandar MESHKOV[1]**

[1*] *Institute for Etnology and Antropology, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje*

[*]*Corresponding author e-mail: al.meskov@gmail.com*

**Abstract**

The purpose of this paper is to briefly define the phenomenon of the folklore vampire in the Balkans, to offer an etymological explanation of the name itself, but above all to focus on the existence of this demon in the Albanian folk tradition. Namely, the several forms in which he is found will be considered, in relation to all aspects that are built or arise from his character: the iconography and the ability to metamorphose; the time, the space and the way of action; the apotropaic means, that is, the way of dealing by the community and the role of the vampire hunter.

***Keywords:*** lugat, sampiro, shriga, gjakpire.

**Апстракт**

Целта на овој труд е во кратки црти да го дефинира феноменот на фолклорниот вампир на Балканот, да понуди етимолошка експликација на самиот назив, но пред сè да стави фокус на егзистенцијата на овој демон во албанската народна традиција. Имено, ќе бидат разгледани неколкуте форми во кои тој се среќава, во однос на сите аспекти кои се градат или произлегуваат од неговиот лик: иконографијата и способноста за метаморфоза; времето, просторот и начинот на делување; апотропејските средства, односно начинот на опходување од страна на заедницата и улогата на ловецот на вампири.

***Клучни зборови:*** лугат, сампиро, штрига, ѓакпире.

.

Конституирањето на феноменот на вампирот е низ клучните елементи: смрт, зло и реинкарнација. Неопходно е исполнување на секој еден од нив за постоење на ова демонолошко суштество. Вампирот може да се определи како религиска појава бидејќи станува збор за културна претстава која е поврзана со феноменот на смртта, а смртта е суштински проблем на секоја религија-односно концептот на посмртната егзистенција е поврзан со религијата (Жикић, 2021: 171). Вампирите се манифестација на метафобија: тие се персонификација на стравот од преминување на границите на познатото, и одење на „другата страна;" тие се инкарнација на стравот од непознатото (Groom, 2018: 121-122).

https://doi.org/10.62792/ut.albanologjia.v11.i21-22.p2580

Англискиот Оксфорд речник е првиот познат лексикон со одредница за *вампир*, од 1734, дефинирајќи го како „дух кој го напушта гробот ноќе и ја цица крвта на живите“ (Wilson, 1985: 577). Слично, Хорст во „Написи и хипотези за вампирите“ (*Schriften und Hypothesen über die Vampyren,* 1821) го дефинира вампирот како „мртво тело кое продолжува да живее во гробот, кое го напушта ноќе со цел да цица крв од живите со чија помош се храни и се одржува во добра кондиција, наместо да стане распаднато како другите мртви тела“ (Summers, 1928: 2).

Постојат повеќе теории за потеклото за називот на овој демон. Според Миклошиќ, еминентен славист, „вампир“ потекнува од „убер“-турскиот збор за вештерка, но несомнено изворот на „вампир“ е унгарскиот збор вампир. Сепак, словенското, односно српското потекло на терминот вампир е универзално прифатено (Wilson, 1985: 577-578).

Историчарот Марио Кројтер, прави анализа на двотомното издание на „Кантоналниот музеј на природна историја Сион- Швајцарија“ (Musée cantonal d’histoire naturelle in Sion), што е студија за имиња на птици и лилјаци во Европа. Тој посочува дека е зачудувачки колку многу зборови кои се поврзани со фолклорниот вампир, имаат слична фонетска релација. На пример зборот оган: „vampa” на Sardinia, „vapë” во албанскиот, „vapore” во романскиот, „vapae” во ароманскиот или “ђampa” во венецијански. Или converted пареа: „pampore” во романски и „vapore” во италијански. Пеперутка на галициски е „pampurriña” а на баскиски „pinpirin.” Се наметнува прашањето дали „вампир“ е на некој начин поврзан со зборовите за: пареа, пламен и пеперутка (Kreuter, 2003, с.64).

Во албанската митологија **лугат** е синоним со вампирот. Тој секоја ноќ, освен сабота, станува од својот гроб и го посетува домот на роднините и пријателите каде прави неприлики, кршејќи ги прозорите и заведувајќи ги жените. Се верува дека лугатот носи кожа од умрен човек кој ги напаѓа и убива живите. Начинот за превенција и негово трајно уништување е следен: најпрво мора да се обезбеди фатва од локалниот муфтија за да се отвори односниот гроб. Потоа се пушта бел пастув да помине преку гробот, а ако животното се противи тоа е гаранција дека внатре е лугатот. Следствено гробот се полни со гранки и се потпалуваат со нафта. Се смета дека ако лугатот не е запален на време, може да се претвори во кукудх (немртво битие во албанската митологија).

Интересни се верувањата на муслиманите Албанци за лугатот кој сака да ја поседува или изеде месечината за време на нејзиното помрачување. Тие ноќно време излегуваат вооружани и пукаат кон неа со цел да го оттргнат лугатот. Албанските оџи исто така се молат на Алах за лугатот да се тргне од месечината, и на бремените жени не им се дозволува да ја напуштат куќата за време на ваквите помрачувања. Се смета дека ако некој посети муслимански гробишта ноќе, особено зимно време, ќе наиде на затскриен лугат кој ќе го каменува (Elsie, 2000: 162).

Во Северна Албанија се верува дека вампирот е душа која лута и може да влезе во телото на секој кој е виновен за извршен, но недетектиран криминал-таквото опседнување е форма на казна (Wright, 1914: 9). Во однос на причините за постанување на лугат, се верува дека тоа е човек кој додека бил жив направил многу гревови и злодела; има способност да станува од гробот, да лута наоколу, да создава неволји, да го разболува и умира добитокот. Кога се движи се чини дека се појавува во форма на жолт пламен. Поради лошите дела кои ги има направено, земјата не го задржува во неа, неговата душа излегува, се движи и продолжува со злоделата.

Вампирот е син на лугатот. Имено, се верува дека оној кој постанува лугат, оди да спие со неговата жена која забременува и се раѓа дампирот кој знае како да го убие лугатот. Кога се верува дека стоката е повредена од лугатот, се бара помош од дампирот. Тој доаѓа и останува со часови покрај трлото или говедарникот и само тој може да види кога лугатот доаѓа, и со пушка го убива.

Неколку капки крв се појавуваат во увото на добитокот, што претставува доказ за убиството (Tirta, 2004: 133-134). Еден од првобитните начини на справување со вампирот, пред користењето на огнено оружје, било преку телесна борба: „Дампирот започнува да свири како ловец, потоа се однесува како да гледа некој со потешкотија низ магла, и игра криенка позади различни објекти, ги соблекува своите алишта, останувајќи по долна облека и гледа низ ракавите на неговата кошула како да е телескоп. Посматрачите го прашуваат каква е формата на вампирот и тој одговара ‘Тоа е човек’ или ‘Тоа е змија’ (или кокошка, или нешто слично). Потоа, вампирот започнува вистинска борба одблиску со вампирот, борејќи се со невидливиот непријател, удирајќи го и виткајќи го како да го кине на парчиња, и најпосле емитирајќи долг и необичен свиреж, за да ја изрази својата сатисфакција дека го убил вампирот извикувајќи ‘Го убив’ (Volta, цитирано според Masters, 1972: 107-108).

Во неговата автобиографска новела од 1993 г. „Живите и мртвите на детството: Второ комплетно издание“ (*Të gjallët dhe të vdekurit e një fëmijërie: Botimi i dytë i plotësuar*), албанскиот автор Арид Демоли опишува идилични и хорор приказни од својот град Глоговица. Според него вампирот (албански: лугат) егзистира единствено во приказните и затоа е невидлив и застрашувачки. Кога ќе умрела некоја постара жена, луѓето почнувале да шират гласини за престапите за време на нејзиниот живот и промените кои се јавувале на мртвото тело (Bohn, 2019: 342).

**Сампиро** е вид на вампир сроден со лугатот, и се смета дека Албанец од турско потекло, по смртта постанува сампиро. Таквата судбина ќе го снајде и Албанец кој сторил неприроден акт на бестијалност, хомосексуалност, проституција, или хетеросексуален контакт со Турчин/ка. Сампирото се враќа од гробот три дена по погребот, со покров на себе, носи чевли со високи потпетици, а очите му се големи и му блескаат како фарови од автомобил. Секоја вечер станува од гробот, но особено ги сака магливите ноќи. Својата потенцијална жртва ја следи од позади, правејќи звук на „бакнеж“, ја напаѓа и ја исцицува крвта, а потоа брзо бега.

Жртвите потоа се чувствуваат исцрпено, а неколку последователни напади може да резултираат со смрт. Со својот поглед може да предизвика болест кај новороденчињата, а ако некој човек се обиде да го убие и не успее во тоа, вампирот е прилично осветољубив и ќе се одмазди со насилно убиство. Преку ден, кога е во мирување, сампирото може да се детектира бидејќи над неговиот гроб лебди сина светлина во форма на топка. Тогаш, телото треба да се ексхумира и да се прободе во срцето со тисов колец (Bane, 2010: 123-124).

**Штрига** е исто така вампир во албанскиот фолклор, кој поседува карактеристики на вештерка. Поимот *штрига* доаѓа од латинското *strix*-буф кој вреска-и означува ноќно демонско суштество кое лета. За штригата се смета дека е вештерка која живее конвенционално за време на денот, а ноќно време се трансформира во летачки инсект како на пр. мува или молец, кој ги напаѓа жртвите и им ја цица крвта. Според верувањата, штригата може да биде идентификувана за време на црковен собир каде свински коски во форма на крстови се поставуваат на вратата од црквата. Штригата нема да може да помине низ крстовите и така ќе биде откриена.

Друг начин за заштита, е следење на сомнителната штрига по зајдисонце сè додека не поврати крв од нејзините жртви. Тогаш се натопува монета во крвта, која ќе има апотропејско дејство од следните напади (Karg et al., 2009: 17). Вампирот е демон кој се карактеризира со антропоморфност, зооморфност или способност за метаморфоза. Според информациите од истражувањата на етнологот Љупчо Неделков за народните претстави, вампирот можел да го задржи својот поранешен човечки изглед, но со изменети антрополошки карактеристики: неговото тело било без коски, исполнето со крв во форма на пивтиеста маса.

Вампирот можел да се трансформира во некое животно: куче, мачка, зајак и сл. (Неделков, 2014: 226). На пр. **ѓакпире** (алб. gjakpiré) е повратник во албанската традиција, кој патува ноќе и има способност да се претвора во ноќна граблива птица, но секогаш повторно се враќа во својата изворна форма како жив леш кој се распаѓа. Тактиката со која се служи е итра, легнува покрај патот преправајќи се дека е повреден патник и чека некој да му пријде „на помош." Кога добронамерниот човек ќе се приближи, тој му нанесува убод во препоните или грклaнот со остар предмет. Потоа чека човекот да ја изгуби снагата и да ја „земе" неговата крв (Maberry, 2006: 138).

Од сето изнесено изнесено, може да се заклучи дека вампирот во албанскиот фолклор има општобалкански карактеристики, но и одредени специфики, што впрочем не е изненадувачки поради коегзистенцијата и близината на албанскиот народ со останатите етнички групи од Балканот. Воедно, постоењето на во овој демон во духовната култура на Албанците претставува доказ за преплетување на доминантната монотеистичка религија која ја практикуваат луѓето со реминисценции на многубожечката традиција. Тоа упатува на најсоодветното определување на религијата на „обичниот" човек, како *народна*.

## Референци


[1]. Bane, T. (2010). *Encyclopedia of vampire mythology*. McFarland & Company.

[2]. Bohn, T.M. (2019). *The Vampire: Origins of a European Myth*. New York: Berghahn Books.

[3]. Elsie, R. (2000). *A Dictionary of Albanian Religion, Mythology, and Folk Culture*. New York: NYU Press.

[4]. Groom, N. (2018). *The Vampire: A New History*. Yale University Press.

[5]. Жикић, Б. (2021). *Физиологија и митологија "домаћег" и "туђег": модел вампира у српској традиционалној култури и популарној култури*. Etnoantropološki problemi. год. 16, св. 1, стр. 155-178.

[6]. Karg B. Spaite A. & Sutherland R. (2009). *The everything vampire book: from vlad the impaler to the vampire lestat: a history of vampires in literature film and legend*. Adams Media.

[7]. Kreuter, M. (2003). *The Name of the Vampire: Some reflections on current linguistic theories on the etymology of the word 'vampire'*. In, Vampires: myths and metaphors of enduring evil, edited by Carla T. Kungl, 63–66. Oxford, United Kingdom.

[8]. Maberry, J. (2006). *Vampire Universe: The Dark World of Supernatural Beings That Haunt Us, Hunt Us, and Hunger for Us*. Citadel Press.

[9]. Неделков, Љ. (2014). *Обреди на премин од животниот циклус на Македонците во Тиквеш*. Скопје: Природно-математички факултет, Институт за етнологија и антропологија.

[10]. Masters, A. (1972). *The natural history of the vampire* ([1st American ed.]). Putnam.

[11]. Summers, M. (1928). *The Vampire his Kith and Kin*. London, K. Paul Trench, Trubner.

[12]. Tirta, M. Bezhani, P. (ed.) (2004). *Mitologjia ndër shqiptarë*. Tirana: Mësonjëtorja.

[13]. Wilson, K. M. (1985). *The History of the Word "Vampire."* Journal of the History of Ideas, 46(4), 577–583. https://doi.org/10.2307/2709546

[14]. Wright, D. (1914). *Vampires and vampirism*. London: Wiliam Rider and son.